Арх. знак: 02-413/3
Дата: 19.5.2020 година

Врз основа на член 15 точка 28 од Статутот на Комората на овластени архитекти и овластени инженери, и врз основа на донесената одлука за отворање на *Фонд за помош – Ковид-19* , број 02-361/3 од 16 април 2020, Управниот одбор на КОАИ на седницата на 19 мај 2020, го донесе следниот

# ПРАВИЛНИК

за користење на средства од Фондот за помош на членови на Комората, или членови на нивните семејства кои имале последици од пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19

Член 1

Со овој правилник се определува начинот на аплицирање и одобрување на финансиска помош за активни членови на Комората на овластени архитекти и овластени инженери (во натамошниот текст: Комората), од Фондот за помош на членови на Комората, или членови на нивните семејства кои имале последици од пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19 (во натамошниот текст: Фондот за помош),

Член 2

За финансиска помош од Фонд за помош може да аплицираат активните членови на Комората, кои имаат статус на активен член во периодот на аплицирање за финансиска помош, или членови на нивните семејства кои имале последици од пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19..

Член 3

Активни членови на Комората, кои аплицираат за финансиска помош од Фондот за помош, или членови на нивните семејства кои имале последици од пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19, може за истото да аплицира само еднаш.

Подносителот потребно е да достави барање со образложение на кој начин е погоден од пандемијата предизвикана од вирусот Ковид-19, кои последици ги претпел и истото да го поткрепи со соодветна документација од која недвосмислено се утврдува личниот негативен финансиски ефект предизвикан од пандемијата.

Негативниот финансиски ефект кон фирмата каде членот на комората е вработен, не се смета за доволен услов за одобрување на средства од Фондот за помош.

Член 4

Вкупната финансиска помош која може еден активен член да ја добие од Фондот за помош не може да надмине 250 евра во денарска противвредност.

Член 5

Предлог за одобрување на финансиска помош по основ на овој правилник во писмена форма донесува *работно тело за утврдување на право за користење на средства од фондот за помош*, составено од вкупно три члена, по правило раководителот на професионалното одделение на барателот и други два члена од Управниот одбор на Комората. Работното тело го формира Претседателот на Комората, за секој поднесок поединечно.

Извештај со предлог за финансиска помош поднесува Претседателот на Комората, а конечна одлука за одобрување на средства од Фондот за помош донесува Управниот одбор на Комората. Решение за исплата се изготвува врз база на одлуката на Управниот одбор, а исплатата на барателот на финансиската помош му се исплаќа преку Авторска агенција.

Член 6

Финансиска помош од Фондот за помош може да се одобри се до целосно исцрпување на средствата што го сочинуваат Фондот.

Член 7

Овој правилник стапува на сила со денот на негово донесување, и истиот се објавува на веб страната на Комората.

Претседател на Управниот одбор на Комората

Проф. д-р Миле Димитровски